Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-30/2
29.7.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR – EU-NDICI-THE-NEAR), врз основа на договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права 2024/461-234 од 26.11.2024 година, проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА 8/2025

за ангажирање на експерти за подготовка на едукативни материјали за социјални права

I. НАСЛОВ НА ПРОЕКТ

„Иницијатива за административна социјална правда"

II. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од **август 2025 до октомври 2025** година.

III. ПОЗАДИНА

Општата цел на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" е да се подобри пристапот до социјалната правда во административни процедури, особено за најмаргинализираните граѓани. Специфичните цели на проектот се:

1. Да се поддржи собирањето податоци засновано на докази за да се овозможат подобри политики кои ги штитат социјалните права во управните постапки;
2. Да се охрабрат маргинализираните заедници да ги заштитуваат своите социјални права во административните постапки;
3. Да се зголеми знаењето кај различните засегнати страни за меѓународните стандарди од областа на управните постапки за постигнување на социјална правда.

Проектот е финансиран од ЕУ, во рамки на IPA-EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234 програмата за човекови права и демократија и се спроведува од јануари 2025 година до декември 2026 година.

Институтот за човекови права (ИЧП) е главниот спроведувач на проектот и е здружение на граѓани лоцирано во Скопје, основано во 2009г. со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права. ИЧП ги остварува своите активности во соработка со државни органи и институции, граѓански организации од земјата како и регионални и меѓународни институции и организации од областа на заштитата на човековите права.

IV. ЦЕЛ НА ЗАДАЧАТА

Генералната цел на задачата е реализација на услуги за подготовка на едукативни материјали за остварување на социјални права во управни постапки.

Конкретната цел на задачата е да се изготви еден водич за остварување на социјални права во управни постапки; текст за три информативни памфлети; текст за едно анимирано видео; и текст за еден постер. Од експертите се очекува најпрво да изработат Водич кој ќе им овозможи на граѓаните полесно да ги остваруваат социјалните права во управните постапки. Водичот треба да ги објасни чекор по чекор постапките за остварување на социјалните права во управните постапки, како што се социјална помош, право на пензија, гарантирана минимална помош, различните надоместоци, додаток за дете, помош и нега од друго лице и друго. Треба да бидат објаснети постапките пред првостепените и второстепените органи, како и постапките пред Управен суд и Виш Управен суд. Експертите, во договор со тимот на ИЧП, ќе одредат кои постапките ќе бидат вклучени во Водичот, врз основа на најчесто поставуваните прашања кои ги добива ИЧП од граѓаните и корисниците на бесплатна правна помош.

По изготвување и финализирање на Водичот, експертите треба да креираат текстови за информативни материјали кои ќе бидат искористени за креирање на визуелни продукти за информирање и едуцирање на јавноста. Целта на информативните материјали е да ги информираат граѓаните на визуелен и разбирлив начин за нивните права и да го олеснат пристапот до информации и пристапот до социјална правда. Од експертите се очекува да изготват еден текст за постер кој ќе биде поставен во различни државни институции, три текста за летоци и еден текст за кратко анимирано видео кои ќе бидат објавени и дистрибуирани преку социјалните мрежи на ИЧП. Текстовите за информативните материјали треба да се кратки, концизни и да користат јазик кој е лесно разбирлив и соодветен за општата јавност. Текстот за секој поединечен информативен материјал треба да од 150 до 300 збора.

Задачи и обврски:
Во координација со Проектниот координатор и тимот на ИЧП, експерти ќе подготват:

- Еден водич за остварување на социјални права во управни постапки;
- Текст за три памфлети;
- Текст за едно анимирано видео;
- Текст за еден постер.

Работата ќе се смета за финална само откако ќе биде одобрена од ИЧП.

V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Од ангажираните експерти се очекува да ги испорачаат следниве резултати:

Резултати	**Прелиминарен датум**

1. Водич за остварување на социјални права во управни постапки	30 септември
2. Три текста за три памфлети	31 октомври
3. Текст за едно анимирано видео	31 октомври
4. Текст за еден постер	31 октомври

Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено на две рати. Првата рата (50%) ќе биде исплатена откако експертите ќе ја достават финална верзија на водичот, а втората рата (50%) ќе биде исплатена по завршување на задачата и доставување на финална верзија на текстовите за информативните материјали.

VI. ЛОГИСТИКА

За спроведување на активностите од страна на проектниот тим на ИЧП ќе биде обезбедена следнава поддршка:

- ИЧП проектен координатор – достапен во текот на целата мисија;
- Во функција на успешно извршување на задачите на експертите ќе им биде ставена на располагање сета потребната документација со која располага ИЧП.

Експертите ќе работат во координација и под директен надзор на проектниот координатор и, по потреба, со поддршка од проектниот тим. Тие ќе бидат во редовна комуникација со проектниот координатор во канцеларијата на ИЧП или преку е-маил. Целата комуникација и документите ќе треба да бидат подготвени на македонски јазик. Материјалните и другите права за нарачаното дело се пренесуваат на ИЧП (вклучувајќи и без ограничување права на дистрибуција, печатење и копирање на делото).

VII. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЗАДАЧАТА

Услугата треба да се испорача во период од **август 2025 до октомври 2025** година.

Проектниот тим на Институтот за човекови права, во согласност со предвидената временска рамка, ќе ја утврди динамиката на извршување на проектните задачи со ангажираните експерти.

VIII. МЕСТО НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧАТА И ПАТУВАЊЕ

Местото на извршување на задачата ќе биде одредено од страна на експертите. Службени патувања не се предвидени согласно проектната активност.

IX. ВЕШТИНИ

- Способности за правна анализа, поедноставување на правна регулатива и на сложени правни концепти во разбирлив јазик за поширока публика;
- Одлични вештини за пишување едукативни и визуелно прилагодени содржини;
- Добро познавање на управната постапка и системот на социјална заштита во Северна Македонија.

X. КВАЛИФИКАЦИИ НА ЕКСПЕРТИТЕ

Образование:

- Минимум завршени студии од втор циклус на високо образование или завршено четиригодишно високо образование (т.н. „стара програма") во област релевантна за проектот и проектната задача (на пример: право, општествени науки, политички студии, и слично).

Искуство

- Најмалку 5 години професионално искуство во областа на човекови права, социјални права или административно право;
- Најмалку 2 години искуство во подготовка на публикации и едукативни материјали;
- Предност ќе имаат кандидати кои имаат работено на теми поврзани со пристап до правда и информативни кампањи за ранливи групи.

XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА

Изборот на понудувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со двајца понудувачи чија понуда:
а) Е соодветна и прифатлива и
б) Ќе освои најголем број на поени согласно следниве критериуми:

- Квалитативни критериуми: 60%
- Финансиска понуда: 40%

За **финансиската евалуација** ќе се земат предвид само кандидатите кои ќе добијат минимум 42 поени во квалитативната евалуација.

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

Квалитативна евалуација:

Критериуми	Максимум поени 60
Образование Завршени студии од втор циклус или завршено четиригодишно високо образование (т.н. „стара програма”) = 12 поени Завршени студии од трет циклус = 15 поени	15
Професионално искуство во областа на човекови права, социјални права или административно право. 5 години = 15 поени 5-10 години = 18 поени Повеќе од 10 години = 20 поени	20
Искуство во подготовка на публикации и едукативни материјали 2 години = 15 поени 3-5 години = 18 поени Повеќе од 5 години = 20 поени	20
Професионално искуство на теми поврзани со пристап до правда и информативни кампањи за ранливи групи 5 поени	5

XII. ДОКУМЕНТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПОДНЕСАТ

Ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведениот повик. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:

- CV со фокус на потребната квалификација и искуство;

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Опис на производ/услуга	Единечна цена во бруто износ (МКД)
Еден експертски ден	